# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПРИМЕНЕТА КИНЕЗИОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 2002-66/11 донесена на 334. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 11.3.2025 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област применета кинезиологија (5.09.01.02) на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен на 27.2.2025 година во весниците „Вечер” и „Коха“ и во предвидениот рок се пријави: д-р Ленче Николовска, вонреден професор на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест и задоволство ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да му го поднесеме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

***Биографски податоци***

Кандидатката д-р Ленче Николовска е родена на 26 јануари 1970 година во Кочани. Основно и средно образование завршува во Кочани со одличен успех. Во 1992 година дипломира на Студиска програма за виши рендген техничари, во склоп на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и се стекнува со звање виш рендген техничар.

На 4.7.2003 година завршува четиригодишни додипломски студии на Катедрата по кинезитерапија на ЈЗУ „Неофит Рилски“ - Благоевград, Р. Бугарија, и се стекнува со звање дипломиран кинезитерапевт. Дипломата е нострифицирана од страна на Министерството за образование и наука на Р. Македонија, со Одлука бр. 09-4406/1 од 1.10.2004 година. По поднесеното Барање за еквиваленција на оценките од 14.4.2011 г., врз основа на споредбата и пресметката на оценките направена од страна на МОН, бр.13-2619/2 од 20.4.2011 година, просечната оценка во Р. Македонија изнесува 9,35.

Своето образование го продолжува на Универзитетот „Св. Св. Кирил и Методиј“ – Велико Трново, Р. Бугарија, каде што на 28.1.2006 година завршува постдипломски магистерски студии во научната област кинезитерапија и спортска педагогика. Тема на магистерскиот труд „Правилното хранене – главен фактор за развитието, лечението и рецидивирането на целулита и затлъстяването“. Дипломата е нострифицирана од страна на Министерството за образование и наука на Р. Македонија со Одлука бр. 09-2667/2 од 7.6.2007 година. По поднесеното барање за еквиваленција на оценките од 14.4.2011 г., врз основа на

споредбата и пресметката на оценките направена од страна на МОН, бр.13-2620/2 од 20.4.2011 година, просечната оценка во Р. Македонија изнесува 9,69.

На 28.1.2014 година завршува трет циклус докторски студии во научна област кинезитерапија на Факултетот за јавно здравје и спорт при ЈЗУ „Неофит Рилски" – Благоевград, Р. Бугарија. Тема на докторската дисертација е „Моделиране на фигурата с естетична физиотерапия и комплексна кинезитерапия". Дипломата е нострифицирана од страна на Министерството за образование и наука на Р. Македонија со Решение бр. 14-8737/2 од 26.11.2014 година. По поднесеното барање за еквиваленција на оценките од 28.11.2014 г., врз основа на споредбата и пресметката на оценките направена од страна на МОН, бр.13-18958/2 од 19.12.2014 година, просечната оценка во Р. Македонија изнесува 9,56.

**Просечен успех на студиите:**

1. Просечен успех на студиите од прв циклус студии – 9.35;
2. Просечен успех на студиите од втор циклус студии – 9.69;
3. Просечен успех на студиите од трет циклус студии – 9.56;
4. Научен степен - доктор на науки од научната област за која се избира.

***Законски (општи) услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање редовен професор***

**1. Вонреден професор од научната област во која се избира**

Со Одлука број 2002-268/7од 24.12.2019 г., Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки на својата 235. седница, одржана на 24.12.2019 год., едногласно ја избра д-р Ленче Николовска за наставник во звање вонреден професор за наставно-научната област кинезиологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

**2. Согласно со Законот за високо образование на Р. Северна Македонија во последните 5 (пет) години пред објавувањето на огласот за избор, објавени најмалку шест научноистражувачки трудови** во соодветната област во референтни меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации

| **Бр..** | **Автор** | **Наслов на трудот** | **Списание/публикација** | **Години на излегување на списанието** |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | **Nikolovska, Lence** and Filipova, Mariela and Mitova, Ekaterina | *The low back pain – looking for a physiotherapeutic approach* | Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences, (**2024**). 12 (2). ISSN 1857-9655 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/34605 | 8 години од 2013 г. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **2.** | **Nikolovska, Lence** and Koca, Mevludin (2024) | *Effectiveness of physical medicine and kinesitherapy in people with impaired circulation in blood vessels* | Knowledge - International Journal. (**2024**). 64 (4). pp. 481-484. ISSN 1857-923X / 2545-4439 (Online) https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/34275 | 2009 г. |
| **3.** | **Nikolovska, Lence** and Vitanova, Sofce (2024) | *The role of physical medicine and kinesitherapy in the treatment of patients with spondylolistessis* | Knowledge- International Journal. (**2024**), 65 (4). pp. 425-431. ISSN 1857-923X https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/34557 | 2009 г. |
| **4.** | **Nikolovska, Lence** and Iliev, Vane (2024) | *Role of functional magnetic stimulation in the treatment of patients with disc herniation* | In: 46th International scientific conference The power of knowledge. (**2024**), 03-06 Oct, Perea - Thessaloniki, Republic of Greece. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/34736 . | 2009 г. |
| **5.** | **Nikolovska, Lence** and Rustemi, Fadil | *Treatment of patients with lumbar syndrome with conventional and complementary methods* | In: 46th International scientific conference The power of knowledge. (**2024**) 03-06 Oct, Perea - Thessaloniki, Republic of Greece https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/34735 | 2009 г. |
| **6.** | **Nikolovska, Lence** | *Ефективност на физикалната терапия и рехабилитация при лечение на пациенти със синдром на горен торакален отвор* | In: IX Национален конгрес на Асоциацията на физиотерапевтите в България. (**2023**) 15-16 Dec, Plovdiv, Bulgaria https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/33211 | Од 1994 г. |

**Научна евалуација на трудовите за избор на вон. проф. д-р Ленче Николовска**

**1. Nikolovska, Lence** and Filipova, Mariela and Mitova, Ekaterina. (2024). *The low back pain – looking for a physiotherapeutic approach.* Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences, (**2024**). 12 (2). ISSN 1857-9655, https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/34605

**Целта на оваа студија** е да се одреди ефикасноста на методологијата за физиотерапија за намалување на болката во долниот дел на грбот. Спроведен е двонеделен курс на кинезитерапија, со вкупно 10 процедури, со времетраење на процедурата од 40 минути. Статистички пакет со Prizm 3.0 (непараметриски тест Kruskal Wallis statistic test и Oneway ANOVA). **Резултати и анализи.** Следена е динамиката на резултатите од долориметрија кај двете групи, а резултатите се прикажани во табела 1. Според податоците од долориметријата, вредностите на резултатите во ЕГ во почетниот период и по две недели кинезитерапија (со викенд пауза), т.е.

вкупно 10 процедури, пријавиле значително намалување на симптомите на болка, во експерименталната група дури и по првите 3 процедури. Подобрување се забележува и кај контролната група, но резултатите покажуваат помала вредност на долориметрија. Во однос на подобрување на обемот на движење преку тестот Ласег се забележува значително подобрување. Со оглед на подобрите резултати во експерименталната група (p<0,0001), според нашето мислење, се должи на вклучувањето на миофасцијална масажа како дел од програмата за кинезитерапија, табела 2.

Резултатите споредени во двете групи покажуваат статистички значајна разлика утврдена со oneway Anova (P<0.0001). Во однос на квалитетот на животот, определен со Бартеловиот индекс, забележано е значително подобрување на резултатите на пациентите во експерименталната група (p<0,0001) и помалку значајни резултати на пациентите во контролната група. Во однос на квалитетот на животот кај двете групи – ЕГ и КГ, резултатите се променети по четвртата процедура од применетата кинезитерапија. **Заклучок.** *Како резултат на применетата кинезитерапија, вклучувајќи модерни кинезитерапевтски техники за миофасцијална масажа, се забележува побрзо зголемување на подвижноста на зглобовите во пределот на сакроилијачните зглобови, подобрување на мускулната сила за соодветните мускулни групи, како и намалување на симптомите на болка и подобрување на локомоцијата.*

**2.** Nikolovska, Lence and Koca, Mevludin (2024). *Effectiveness of physical medicine and kinesitherapy in people with impaired circulation in blood vessels.* Knowledge - International Journal, 64 (4). pp. 481-484. ISSN 1857-923X / 2545-4439 (Online) https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/34275

*Мит за холестеролот:* Добиваме информации од различни институции и медиуми дека холестеролот и диететските масти како месото, рибата, сирењето, јајцата и маслото се сметаат за најголем ризик-фактор за кардиоваскуларни болести. Но, голем број научници во своето спроведено научно истражување се спротивставуваат на хипотезата за поврзаноста помеѓу заситените масти и здравјето на срцето. Напротив, истражувањата покажуваат дека луѓето со низок холестерол во крвта умираат почесто од кардиоваскуларни болести отколку луѓето со висок холестерол.

*Целта на истражувањето* е да се проучи ефикасноста на физикалната медицина и кинезитерапијата кај лицата со нарушена циркулација во крвните садови.

Редовното практикување на физички вежби го намалува Ц-реактивниот протеин и воспалението, го зголемува HDL и ја подобрува функцијата на крвните садови. Редовното консумирање на значителни количини на омега-3 масло (ЕПА), антиоксиданти (витамин Ц, Е, А, селен и витамин Б3) и промена на животниот стил, претставува ефективен начин да се подигне нивото на ХДЛ и да се намали нивото на ЛДЛ му помагаат на телото да се ослободи од штетните агенси и придонесуваат за реверзибилност на процесот на атеросклероза и заздравување на ендотелот.

Седентарниот начин на живот, прекумерниот стрес, неправилната исхрана и слободните радикали придонесуваат за оштетување на

ендотелот и развој на атеросклероза. Физичката активност, примената на омега-3 масло (EPA), антиоксиданти (витамин Ц, Е, А, селен и витамин Б3) и промената на животниот стил кај лицата со васкуларни заболувања имаат клучна улога во нормализирање на протокот на крв во крвните садови. Освен тоа, редовната физичка активност е од суштинско значење за подобрување на функцијата на кардиоваскуларниот и респираторниот систем. *Рехабилитацијата на пациенти со кардиоваскуларни болести е континуиран процес кој започнува со поставувањето на дијагнозата и трае цел живот. Целите на кардиоваскуларната рехабилитација е да се намали смртноста, да се зголеми функционалниот капацитет и да се ограничи или пренасочи патолошкиот процес кој доведува до кардиоваскуларни заболувања.*

**3.** Nikolovska, Lence and Vitanova, Sofce (2024). *The role of physical medicine and kinesitherapy in the treatment of patients with spondylolistessis.* Knowledge – International Journal, 65 (4). pp. 425-431. ISSN 1857-923X. URI: https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/34557

Добиените резултати од истражувањето сугерираат (покажуваат) дека физикалната терапија и вежбите за кинезитерапија, сами или во комбинација со други третмани, имаат позитивен ефект во намалување на болките во долниот дел на грбот поради спондилолиза и спондилолистеза. Физикалната медицина и кинезитерапија придонесуваат за намалување на болката и подобрување на подвижноста, со што се овозможува враќање на активностите од секојдневниот живот на пациентите. Од прегледот на литературата се пронајдени многу малку проспективни студии кои ја испитуваат ефикасноста на физикалната терапија во третманот на спондилолистеза, па според тоа може да се донесат малку заклучоци. Целите на физикалната медицина и кинезитерапија кај пациентите со спондилолистеза се да се намали болката, да се подобри опсегот на движење и да се помогне на пациентот да го обнови нормално ниво на активност. Исто така, физикалната терапија може да помогне да се спречат понатамошни повреди преку обука на пациентите како правилно да го заштитат својот ‘рбет. *Може да се заклучи дека физикалната терапија кај спондилолистеза претставува ефикасна опција за третман на пациентите засегнати со оваа состојба, бидејќи овозможува намалување на болката, подобрување на подвижноста и враќањето на нормалните активности. Иако не постои единствен пристап за лекување, физикалната терапија може да помогне во подобрување на симптомите и квалитетот на животот на пациентите со спондилолистеза.*

**4.** Nikolovska, Lence and Iliev, Vane (2024). *Role of functional magnetic stimulation in the treatment of patients with disc herniation.* In: 46th International scientific conference The power of knowledge, 03-06 Oct 2024, Perea - Thessaloniki, Republic of Greece, URI: https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/34736

‘Рбетот е столб на доброто физичко, енергетско и емоционално здравје. Тој е најважната компонента на мускулно-скелетниот систем на човечкото тело, која ни ја обезбедува потребната флексибилност и делува како амортизер, апсорбирајќи ги сите дневни стресни оптоварувања на кои сме подложени. Функционира како информативен автопат по

кој поминуваат безброј нервни импулси и многу често е подложен на деформации и повреди. Современиот начин на живот во современото општество не го поддржува здравјето на ‘рбетот поради седечкиот начин на живот и неправилните пози што ги заземаме секојдневно. Крвните садови на ‘рбетниот столб имаат поспецифична структура, така што многу често доаѓа до стагнација на крв поради долго стоење или седење на едно место, во иста положба. Дискус хернија е заболување на ’рбетниот столб, при коешто примарно се засегнати меѓупрешленските дискови, а секундарно се засегнати нервите. *Цел на истражувањето е:* да се проучи ефективноста на третманот со функционална магнетна стимулација, Физикална рехабилитација и кинезитерапија кај пациенти со дискус хернија на ’рбетниот столб. По завршување на третманот кај пациентите со дискус хернија се сумирани постигнатите ефекти од примената на функционалната магнетна стимулација, физикална рехабилитација и кинезитерапија кај испитаниците, направена е обработка на добиените резултати од истражувањето и компарација на постигнатите промени. Добиените резултати покажуваат видно подобрување на состојбата кај пациентите од двете групи, но кај пациентите од експерименталната група се постигнати значително побрзи и подобри резултати. Третманот на дискус хернија е неинвазивен, безболен и без несакани ефекти. Подобрувањето се чувствува уште по првите неколку третмани. Методите за физикална терапија и вежбите за кинезитерапија претставуваат најважен сегмент за обновување на структурата на засегнатиот диск. *Предностите на третманот со функционална магнетна стимулација (FMS) во споредба со физикалната медицина, другите видови на електротерапија и кинезитерапија се ефективната стимулација и обновување на длабоките мускулни структури и нерви без директен контакт со кожата, преку наизменично магнетно поле.*

**5.** Nikolovska, Lence and Rustemi, Fadil (2024). *Treatment of patients with lumbar syndrome with conventional and complementary methods.* In: 46th International scientific conference The power of knowledge, 03-06 Oct 2024, Perea - Thessaloniki, Republic of Greece, URI: https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/34735

Пациентите вклучени во истражувањето се поделени во две групи: ***контролна група***, кај која се применува физикална терапија која вклучува: лумбална тракција; мануелна масажа при хроничен миофасцијален болен синдром; обработка на тригерни точки; криотерапија; ласер терапија по Валеовите точки за намалување на болката од компресијата и ***експериментална група***, кај која се применуваат: акупресура во болни точки, гуаша терапија и туина – кинеска масажа. *Конвенционални дијагностички методи:* анамнеза, клинички преглед, функционално тестирање и тестирање на мобилноста на ‘рбетот и долните екстремитети, проценка на мускулната сила и симптомите на притисок на нервниот корен. *Комплементарни дијагностички методи*: дијагнозата се поставува според принципите на традиционалната кинеска медицина (ТКМ) и диференцијацијата на синдромот. *Целта на истражувањето е:* да се направи споредба на постигнатите ефекти од третманот со конвенционални и комплементарни методи кај пациенти со лумбален синдром. *Главната*

*цел на третманот е:* да се постигне намалување на болката и да се зголеми на обемот на движење кај засегнатите пациенти.

По завршување на третманот кај пациенти со лумбален синдром, сумирани се постигнатите ефекти и направена е споредба на постигнатите промени од применетите конвенционални и комплементарни методи. Кај пациентите од двете групи е постигнато, задоволително намалување на болката и зголемување на опсегот на движења во лумбалната област. Кај пациентите од експериментална група, каде што се применува акупресура во болни точки, гуаша терапија и туина масажа, постигнати се многу побрзи резултати во споредба со пациентите од контролната група. Третманот со физикална терапија доведува до намалување на болката и зголемување на опсегот на движења во лумбалниот дел. Кинезитераписките вежби ги зајакнуваат стомачните и паравертебралните мускули и формираат цврст мускулен корсет за правилно држење на ‘рбетот. Примената на кинезитерапија има важна улога во третманот на пациенти со лумбален синдром, чија цел е зајакнување на мускулите кои го поддржуваат ‘рбетот.

*Кај комплементарните методи на лекување се забележуваат многу побрзи резултати во споредба со конвенционалните методи на лекување.*

6. **Nikolovska, Lence** (2023). *Ефективност на физикалната терапия и рехабилитация при лечение на пациенти със синдром на горен торакален отвор.* In: IX Национален конгрес на на Асоциацията на физиотерапевтите в България, 15-16 Dec 2023, Plovdiv, Bulgaria.https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/33211

Синдромот на горниот торакален излез (thoracic outlet syndrome - TOS) претставува една од најконтроверзните теми во мускулно-скелетната медицина и рехабилитација, во секој аспект на патологијата, патофизиологијата, дијагнозата и третманот. Вклучува широк спектар на клинички манифестации со различна етиологија кои произлегуваат како резултат на компресија на невроваскуларните структури на ниво на горниот торакален отвор. Најчести симптоми се еднострана болка и мускулна слабост во засегнатата област. *Етиологија*: Субклавијалната артерија (a. subclavia), субклавијалната вена (v. subclavia) и брахијалниот плексус (plexus brachialis), кои минуваат помеѓу клучната коска и првото ребро, се структури кои се предмет на компресија. Трите клучни точки на компресија кај синдромот на горен торакален излез (TOS) се: петрозен триаголник, костоклавикуларен простор и субкоракоиден простор. *Целта на студијата* е да се утврди ефикасноста на физикална терапија и рехабилитација во третманот на пациенти со синдром на горниот торакален излез. *Главната цел на рехабилитацијата е* да се врати ширината на анатомските простори, чија компресија е основа на патологијата. Примената на Физикална терапија е поврзана со значително подобрување на симптомите кај 50 до 90% од пациентите. Терапевтските препораки зависат од етиологијата на синдромот на горниот торакален излез. Кај повеќето пациенти со неврогеен TOS се препорачува нехируршки (конзервативен) пристап. *Методи на истражување:* Извршено е систематско пребарување на базите на податоци на PubMed, Embase и The Cochrane Library. Во 2019 година е спроведена ретроспективна студија за да се потврди ефективноста на специфичната програма за рехабилитација на

синдромот на горниот торакален излез и да се процени дали физикалната терапија може да ги ублажи симптомите на пациентите.

**Резултати:** Резултатите од студијата покажуваат дека пациентите со синдром на горниот торакален излез покажале значително подобрување по шестмесечна физикална терапија и администрација на нестероидни антиинфламаторни лекови (НСАИЛ), TENS (транскутана електрична нервна стимулација) и мускулни релаксанти. Со помош на инјектирање на ботулински токсин (BTX-A) се постигнува мускулна декомпресија и намалување на болката. Исто така, инјекциската терапија со стероиди и локални анестетици покажала добри резултати, особено за проблемот со парестезија.

Евалуација на сите трудови и активности на кандидатот по изборот за вонреден професор (од 2019 год. до денес)

**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во меѓународни научни списанија без импакт фактор (ИФ)**

**Во странство:**

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание/публикација | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| **7.** | **Stratorska, Tamara** and Krstev, Toshe and **Nikolovska, Lence** | *Comparation of kinesitherapy and powerplate in patients with cervicoarthrosis* | MEDIS- – International Journal of Medical Sciences and Research (**2024**), 3 (2). pp. 53-57. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/34240 | Од јануари 2021 г. (4 години) |
| **8.** | **Nikolovska, Lence** and Rustemi, Fadil | *Neurorehabilitation in patients with peripheral facial nerve paresis* | Knowledge - International Journal. (**2023**). Scientific Papers, 61 (4). pp. 163-166. ISSN 2545 – 4439 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/33231 | Од 2009 г. (15 години) |
| **9.** | **Nikolovska, Lence** and Ismani, Besart | *Effectiveness of physical therapy and rehabilitation in improving motor skills and mental function in children with cerebral palsy* | MEDIS – International Journal of Medical Sciences and Research. (**2023**). 2 (4). pp. 23-26. ISSN 2671-3497 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/33245 | Од јануари 2021 г. (4 години) |
| **10.** | **Nikolovska, Lence** and Hudi, Arben | *Neurorehabilitation in newborn infants with post-partum paresis of the brachialis plexus* | UNIVERSES Open access International Journal of Academic Research Universes in Medical Sciences. (**2023**). 1 (3). pp. 42-46. ISSN 2955-2117 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/33561 | Од 2011 г. (4 години) |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **11.** | **Nikolovska, Lence** and Taci, Abdulraim | *Physical therapy and neurorehabilitation of patients with cerebrovascular stroke* | MEDIS – International Journal of Medical Sciences and Research. (**2023**), 2 (4). pp. 67-70. ISSN 2671-3497 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/33246 | Од јануари 2021 г. (4 години) |
| **12.** | **Nikolovska, Lence** | *Impact of respiratory gymnastics on post-covid patients* | In: International Scientific Conference- Knowledge. (**2022**). Capital of the future 16-18 December. Bansko Bulgaria https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/31392 | Од 2009 г. (15 години) |
| **13.** | **Nikolovska, Lence** and Gelova, Olgica and Spasov, Mire | *Effects of physical activity with different intensity on adult patients* | Knowledge, Capital of the future. (**2021**). 48 (3). 08 -11 October, 2021, Kavala, Greece. ISSN 2545-4439 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/31864 | Од 2009 г. (15 години) |
| **14.** | **Nikolovska, Lence** and Stojanova, Natalija and Spasov, Mire | *Role of Kegel exercises during pregnancy and after childbirth* | In: XXXIII International Scientific Conference - Knowledge Capital of the future. (**2021**). 08-11 October, Kavala, Greece https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/31867 | Од 2009 г. (15 години) |
| **15.** | **Nikolovska, Lence** and Arsik, Nenad | *Role of Yumeiho therapy and acupressure in reducing back pain due to scoliosis and kyphosis of the spine* | KIJ - Knowledge Capital of the future. (**2021**)., 47 (4). pp. 711-717. ISSN 2545 – 4439 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/28404 | Од 2009 г. (15 години) |
| **16.** | **Nikolovska, Lence** and Mitkovska, Silvana | *Efficacy of acupuncture on pain relief in patients with rheumatoid arthritis* | Knowledge - International Journal, ScientificPapers. **2020**)., 40 (5). pp. 949-953. ISSN 2545-4439 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/24486 | Од 2009 г. (15 години) |
| **17.** | **Nikolovska, Lence** and Simic, Bozidar | *Treatment of patellar tendinopathy* | International Journal Knowledge. (**2020**)., 40 (5). pp. 987-991. ISSN 1857-923X https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/24488 | Од 2009 г. (15 години) |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **18.** | **Nikolovska, Lence** and Markova, Zana | *Methods for neuromuscular reeducation for reducing motor deficit and muscle spasm in people with cerebral palsy* | Knowledge International Journal Scientific Papers. Knowledge. (**2020**) , 38 (4). pp. 79-84. ISSN 1857-923X https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/23982 | Од 2009 г. (15 години) |
| **19.** | **Nikolovska, Lence** and Radinski, Bojan | *Treatment of patients with fibromyalgia with methods of traditional Chinese medicine* | Knowledge.International Journal Scientific Papers. (**2020**), 38 (4). pp. 937-943. ISSN 1857-923Xhttps://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/23983 | Од 2009 г. (15 години) |
| **20.** | **Nikolovska, Lence** and Timevska, Simona | Rehabilitation of patients with ankylosing spondyloartritis | Knowledge International Journal, Scientific Papers (**2019**), 35 (4). pp. 1189-1194. ISSN 2545-4439 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/23980 | Од 2009 г. (15 години) |
| **21.** | **Nikolovska, Lence** and Gjorgieva, Stefanija and Spasov, Mire | *The role of acupuncture in the rehabilitation of paralysis of n. facialis* | Knowledge - International Journal, Scientific Papers. (**2019**), ISSN 2545-4439 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/22469 | Од 2009 г. (15 години) |
| **22.** | **Nikolovska, Lence** and Bojcevska, Evgenija | *Effects of acupuncture in the treatment of distortion of the articulatio talocruralis* | Knowledge International Journal Scientific Papers (**2019**), 30 (4). pp. 989-993. ISSN 2545 – 4439 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/22810 | Од 2009 г. (15 години) |
| **23.** | **Nikolovska,Lence** and Mitkov,Vlatko and Nikolovski,Mario and Stratorska,Tamara and Krstev,Toshe | *Лечение на нараняванияна меките тъкани при спортисти с акупунктура* | Спорт и наука – научно-методическо списание ISSN 1310-3393 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/24471 | Од 1904 г. 50 години |
| **24.** | **Nikolovska, Lence** and Male, Kristi and Nikolovski, Mario | *Treatment of tendinit of the Achilles tendon in athletes with the methods of Ttraditional Chinese Medicine* | In: International scientific conference „Sports and recreation", 29 Nov - 01 Dec (2019), Blagoevgrad - R.Bulgaria. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/23978 | Години на издавање |
| **25.** | **Nikolovska, Lence** and Andonov, Deni and Krstev, Toshe and Adziska, Tamara | The effects of RICE protocol and kinesiotape in the treatment of patients with acute lateral ankle sprain | In: International scientific conference "Sports and recreation" (2019), 29 Nov-01 Dec 2019, Blagoevgrad, R.Bulgaria. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/23977 | Години на издавање |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 26. | **Nikolovska, Lence** and Stamenkova, Zaklina | *Presence of physical deformities among the young population on the territory of the city of Skopje* | In: XXIII International Scientific Conference - Knowledge in practice, 12–15 Dec 2019, Bansko, Bulgaria. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/23979 | Од 2009 г. (15 години) |
| 27. | **Во земјава:** **Nikolovska, Lence** and Bogdanovska, Hristina | *Efficiency of decongestive physiotherapy methods in patients with lymphedema* | In: XXXII International Scientific Conference – Knowledge. (**2021**). Capital of the future, 19-22 Aug 2021, Struga, N.Macedonia https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/28408 | Од 2009 г. (15 години) |
| 28. | Kantargjioski, Orde and **Nikolovska, Lence** | *Третман на мускулно-скелетна болка* | Медикус - Информативен гласник на јавното здравство (2021), 11 (31). pp. 26-28. ISSN https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/283981857-5994 | Од 2010 г. |
| 29. | Andov, Pane and **Nikolovska, Lence** (2021) | *Застапеност и рехабилитација на фрактури на клавикула во детска возраст* | Medicus - Informativen glasnik na javnoto zdravstvo. (2021), 11 (31). pp. 14-15. ISSN 1857-5994 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/28399 | Од 2010 г. |
| 30 | Jigiz, Ertan and Nikolovska, Lence | *Ефикасност на традиционалната кинеска медицина при лекување на хумероскапуларен периартрит* | Medicus - Informativen glasnik na javnoto zdravstvo (2021), 11 (31). pp. 22-24. ISSN 1857-5994 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/28400 | Од 2010 г. |

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Од 1997 г. до 2007 г., кандидатката д-р Ленче Николовска била вработена во Медицински центар – Кочани.

Од 2007 г. до денес работи на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Со Одлука на Матичната комисија (бр. 866 од 4.6.2007 год.), кандидатката е избрана во наставно звање предавач на ВЗШ – наставна област клиничка медицина, за периодот од 4.6.2007 година до 3.6.2011 година.

Врз основа на рефератот од Рецензентската комисија објавен во „Универзитетски билтен“ бр.59 од 3.5.2011 година, Наставно-научниот совет на својата 48. седница, одржана на 19.5.2011 година, ја избира Ленче Николовска во наставно звање виш предавач за наставна област применета кинезиологија, за периодот од 19.5.2011 година до 19.5.2015 година.

Врз основа на рефератот од Рецензентската комисија објавен во „Универзитетски билтен“ бр.143 од 16.3.2015 година, Наставно-научниот совет на својата 137. седница, одржана на 2.4.2015 година, ја избира Ленче Николовска во звање доцент на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, за наставно-научна област кинезиологија, за периодот од 20.5.2015 година до 20.5.2019 година.

Со Одлука бр.2002-268/7 од 24.12.2019 година, Наставно-научниот совет на Факултет за медицински науки на својата 235. седница, одржана на 24.12.2019 година, ја избира доц. д-р Ленче Николовска за наставник во наставно-научно звање вонреден професор на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип за наставно-научната област кинезиологија за време од 5 години.

Реферaтот од Рецензентската комисија за овој избор е објавен во „Универзитетски билтен“ бр.243 од 2.12.2019 година.

## I. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

**Вонр. проф. д-р Ленче Николовска учествува во спроведувањето на наставата на сите три циклуси на студии.**

*На првиот циклус на студии* на Факултетот за медицински науки била ангажирана на предметите од различни студиски програми:

- Физикална медицина и рехабилитација – тригодишни стручни студии за физиотерапевти - 2 семестар;
- Ерготерапија и медицинска рехабилитација кај лица со посебни потреби – 4 семестар;
- Кинезитерапија и рехабилитација во гинекологија и акушерство – 6 семестар;
- Физикална медицина и рехабилитација за медицински сестри – тригодишни стручни студии – 6 семестар.

Д-р Ленче Николовска е акредитиран ментор на втор циклус студии и е вклучена во наставата на вториот циклус на сите три студиски програми:

Специјалистички стручни студии по:

- Неврорехабилитација,
- Традиционална кинеска медицина и
- Специјалистички стручни студии по Физикална медицина и рехабилитација со кинезитерапија.

На Специјалистичките стручни студии по неврорехабилитација е ангажирана за предметот:

- Физикална терапија во неврорехабилитацијата – задолжителен предмет – 1 семестар (3+2) – 6 ЕКТС.

На Специјалистичките стручни студии по традиционална кинеска медицина е ангажирана за предметите:

- Методи за лекување со традиционална кинеска медицина – задолжителен предмет – 1 семестар (3+2) – 6 ЕКТС;
- Гуаша терапија – изборен предмет – 1 семестар (2+3) – 3 ЕКТС.

На Специјалистичките стручни студии по физикална медицина и рехабилитација со кинезитерапија е ангажирана за предметот:

- Современи методи на кинезитерапија кај телесни деформитети – 1 семестар (3+2) – 6 ЕКТС.

**Придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници**

Врз основа на извештајот од Стручната комисија бр.08-951/3 од 25.10.2022 година, Одборот за акредитација на високото образование на

44. седница, одржана на 19.10.2022 година, донесе Решение за акредитација на ментор на докторски студии. Д-р Ленче Николовска, вонреден професор на студиската програма Општа медицина – Базични и клинички истражувања во медицината, на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, се акредитира за ментор на докторски студии на студиската програма Општа медицина – Базични и клинички истражувања во медицината, од трет циклус студии, бр. на акредитација 08-389/9 од 17.8.2021 година. Моментално е ментор на двајца докторанди на студиската програма Базични и клинички истражувања на Факултетот за медицински науки. Учествува во наставата на трет циклус студии на студиската програма Базични и клинички истражувања во медицината. На третиот циклус на студии е ангажирана за предметот Физикална медицина со кинезитерапија.

Вонр. проф. д-р Ленче Николовска во изборниот период од вонреден професор досега била ментор на 19 студенти на втор циклус студии и учествувала како член на комисија за одбрана на 15 специјалистички трудови во рамките на вториот циклус на студии, била ментор на 21 студент на прв циклус студии и учествувала во голем број на комисии за одбрана на дипломска работа или завршен испит на Факултетот за медицински науки.

Во изборниот период од вонреден професор досега била:

- визитинг професор на Универзитетот на Југоисточна Европа на Факултетот за здравствени науки на Студиската програма за физиотерапија во летен семестар, во периодот од почетокот на март до крајот на јуни 2024 г.;
- учествувала на Првата меѓународна седмица по „Еразмус+" програмата од 7 до 11 ноември 2022 г., одржана на Југозападен универзитет „Неофит Рилски" во Благоевград, Р. Бугарија, со Одлука за одобрување бр.2002-285/23 од 21.10.2022 г.

**Рецензент на научна публикација, учебник и учебни помагала**

Кандидатката д-р Ленче Николовска во изборниот период досега била:

- претседател на Рецензентска комисија за избор на асистент на м-р Тамара Аџиска за наставно-научната област физикална медицина со принципи на рехабилитација (30506) на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, со Одлука бр. 2002-167/13 од 7.6.2022 година, донесена на 279. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 7.6.2022 година.

Претседател на Рецензентска комисија на учебник по Основи на кинезитерапија (од авторот Данче Василева) со Одлука бр. 2002-40/44 од 28.1. 2022 г.

**Претседател на Рецензентска комисија на учебник** со наслов Функционална дијагноза на локомоторен апарат (од авторот Тоше Крстев) со Одлука бр. 2002-219/27 од 1.9.2023 г.

## II. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Резултат на научноистражувачка работа на д-р Ленче Николовска од

областа на кинезиологијата се голем број на објавени научни трудови во меѓународни и домашни списанија, нејзино активно учество и презентации на конгреси и конференции, како во земјата, така и во странство. Сите нејзини објавени научни трудови се достапни во електронска форма на е-репозиториумот на УГД - Штип.

**Рецензиран учебник, скрипта и практикум или авторско ЦД**

За потребите во наставата за предметите кои ги предава во првиот циклус на студии, вонр. проф. д-р Ленче Николовска е автор на следниве ракописи. До изборот во редовен професор на Факултетот за медицински науки д-р Николовска има издадено:

**Учебник:** Topuzov, Ivan and Nikolovska, Lence and Krstev, Toshe and Vasileva, Dance and Stratorska, Tamara (2018). *Кинезиологија со патокинезиологија и патобиомеханика.* Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски», Скопје, Универзитет „Гоце Делчев» - Штип, Факултет за медицински науки, Штип. ISBN 978-608-244-545-8 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/20554

**Скрипта: Nikolovska, Lence** and Vasileva, Dance and Krstev, Toshe and Stratorska, Tamara (2016) *Клиничка кинезитерапија.* COBISS. MK-ID 101797386. Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски», Скопје, Универзитет „Гоце Делчев» - Штип, Факултет за медицински науки. ISBN 978-608-244-342-3 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/17003

**Практикум / прирачник: Kraydjikova, Leyla** and Nikolovska, Lence and Krstev, Toshe and Vasileva, Dance and Stratorska, Tamara (2016) *Мануелна терапија и мобилизација на периферни зглобови.* Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, Штип. ISBN 978-608-244-311-9 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/17009

**Скрипта: Krstev, Toshe** and Nikolovska, Lence and Vasileva, Dance and Stratorska, Tamara (2020) *Медицинска масажа.* ISBN 978-608-244-753-7. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/27755

**Практикум: Nikolovska, Lence** and Krstev, Toshe and Vasileva, Dance and Stratorska, Tamara (2014) *Практикум по клиничка кинезитерапија.* ISBN 978-608-244-131-3. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/12564

**Скрипта: Nikolovska, Lence** (2014) *Физикална медицина и рехабилитација 1 и 2 - општ и специјален дел.* ISBN 978-608-244-130-6. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/12565

## III. СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА И ОРГАНИЗАЦИСКО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ

Раководител на Рекреативен центар при УГД – Штип. Кандидатката д-р Ленче Николовска е основач и раководител на Рекреативен центар, кој постои од 1.2.2014 година во склоп на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип. Освен за практична настава и вежби за студентите од студиските програми за физиотерапевти од прв и втор циклус на студии, служи и за апликативна и истражувачка дејност.

Претседател е на Одборот за соработка и доверба со јавноста на Факултет за медицински науки при УГД – Штип.

На 11. седница на Одборот за соработка и доверба со јавноста на Факултет за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, одржана на 22.9.2023 година, со Одлука бр. 2006-240/3, вонр. проф. д-р Ленче Николовска едногласно е избрана за претседател на Одборот за соработка и доверба со јавноста на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип со мандат од три години.

Директор на Јавна установа „Центар за традиционална кинеска медицина“, Министерство за здравство на Република Северна Македонија, 2.9.2015 – 2.2.2018 година.

Раководител на стручна пракса на студентите од Студиската програма за физиотерапевти:

- раководител на Стручна пракса 1 на студентите од втор семестар;
- раководител на Стручна пракса 2 на студентите од четврти семестар.

Иницијатива и потпишан договор за соработка со други универзитети, институции, организации и сл.

- Потпишан Договор за наставно-стручна и научна соработка со РЕ Одделение за физикална медицина и рехабилитација – ЈЗУ Клиничка болница – Штип.
- Потпишан Договор за наставно-стручна и научна соработка со ДОО Катлановска Бања – Катланово – Скопје.

**Елаборати и експертизи**

Вонр. проф. д-р Ленче Николовска активно учествува во изработката на елаборатите за:

1. Елаборат за реакредитација на студиска програма Стручни студии за физиотерапевти, прв циклус на студии, тригодишни студии;
2. Елаборат за Специјалистички стручни студии по традиционална кинеска медицина (2022/2023);
3. Елаборат за Специјалистички стручни студии по неврорехабилитација (2022/2023);
4. Елаборат за Специјалистички стручни студии по физикална медицина и рехабилитација со кинезитерапија (2022/2023);
5. Елаборат за реакредитација на Студиска програма за општа медицина на ФМН.

**Раководител на катедра, оддел, центар, стручно здружение, асоцијација**

Раководител на Катедра по физикална медицина и кинезитерапија и на Студиската програма за физиотерапевти од основањето во 2007 година до 28.6.2024 година (*се повлекува од функцијата поради здравствени причини*).

**Член на факултетски орган, комисија, работна група**

- Член на Наставно-научен совет на Факултетот за медицински науки – ФМН.
- Член на Наставно-научен совет на трет циклус докторски студии на – ФМН.

Се прикажуваат активностите кои се составен дел на табелите во Правилникот.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Проф. д-р Ленче Николовска, вонреден професор на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, е единствен пријавен кандидат на Конкурсот за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област применета кинезиологија (5.09.01.02) на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Врз основа на анализата на приложените документи, како и врз основа на личното познавање со кандидатката, Рецензентската комисија е едногласна во оценката дека со целокупната нејзина досегашна работа и позитивна оценка од самоевалуацијата, проф. д-р Ленче Николовска има особен придонес во наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност во областа применета кинезиологија, како и организациско-развојната дејност во сите три циклуси на студии. Како резултат на нејзината севкупна активност (НО=187) + (НИ=123) + (САОР=46), проф. д-р Николовска **има остварено 356 поени,** со што ги исполнува условите за избор во редовен професор.

Врз основа на приложениот материјал и изнесените податоци, како и во согласност со Законот за високо образование на Р. Северна Македонија и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, Комисијата со особено задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки кандидатката вонреден професор д-р Ленче Николовска да биде избрана во наставно-научното звање редовен професор за наставно-научната област применета кинезиологија и Одлуката за изборот да ја достави до Универзитетскиот сенат на потврдување.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Проф. д-р Вујица Живковиќ, редовен професор, претседател, с.р.
Проф. д-р Серјожа Гонтарев, редовен професор, член, с.р.
Проф. д-р Саша Миленковиќ, редовен професор, член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјата | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| | Избор во звање вонреден професор | | | | | 40 |
| | ВКУПНО | | | | | 40 |
| Р. бр. | Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности | | | | | |
| | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор) (ред.бр. 1, 2, 3, 4, 5, 6) | | | 6 | 9 | 54 |
| | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (трет автор) | | | 1 | 3 | 3 |
| | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор) (ред.бр. 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16, 17) | | | 10 | 9 | 90 |
| | ВКУПНО | | | | | 187 |
| Р. бр. | Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности | Поени | | | | |
| | | Во земјата | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор) (ред.бр.18, 19, 20, 21, 22, 23, 24, 25, 26, 27) | | | 10 | 9 | 90 |
| | Научен труд објавен во меѓународно научно списание во земјата (прв автор) | 1 | | 1 | 2 | 2 |
| | Одбранета докторска дисертација | | | 1 | 8 | 8 |
| | Одбранет магистерски труд | | | 1 | 4 | 4 |
| | Визитинг професор на Универзитетот на Југоисточна Европа на Факултетот за здравствени науки, од март до крајот на јуни 2024 г. | 1 | 5 | | | 5 |
| | Учество на Првата меѓународна седмица по Еразмус+ програмата, 7-11 ноември 2022 г. | | | 1 | 5 еднократно | 5 |
| | Претседател на Рецензентска комисија за избор на асистент | 1 | 3 | | | 3 |
| | Претседател на Рецензентска комисија за учебник | 1 | 3 | | | 3 |
| | Претседател на Рецензентска комисија за учебник | 1 | 3 | | | 3 |
| | ВКУПНО | | | | | 123 |
| | | | | | | |
| Р. бр. | Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност | Поени | | | | |
| | | Во земјата | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| | Учебник | 1 | 10 | | | 10 |
| | Раководител на Рекреативен центар при УГД – Штип од 2014 г. | 1 | 3 | | | 3 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Претседател на Одборот за соработка и доверба со јавноста на Факултет за медицински науки при УГД - Штип | **1** | **3** | | | **3** |
| | Директор на Јавна установа „Центар за традиционална кинеска медицина“, Министерство за здравство на РСМ (2.9.2015 – 2.2.2018 година) | **1** | **3** | | | **3** |
| | Раководител на стручна пракса на студентите од Студиската програма за физиотерапевти:<br><br>Стручна пракса 1<br><br>Стручна пракса 2 | **2** | **3** | | | **6** |
| | Иницијатива и потпишан Договор за стручна и научна соработка со РЕ Одделение за физикална медицина и рехабилитација – ЈЗУ Клиничка болница – Штип<br><br>Потпишан Договор за наставно-стручна и научна соработка со ДОО Катлановска Бања – Катланово – Скопје | **2** | **3** | | | **6** |
| | **Елаборати и експертизи**:<br><br>Активно учество во изработка на 5 елаборати за:<br><br>Реакредитација на Општа медицина<br><br>Стручни студии за Физиотерапевти<br><br>Втор циклус спец стручни студии по Неврорехабилитација<br><br>Традиционална кинеска медицина и Физикална терапија и рехабилитација со кинезитерапија<br><br>Специјалистички стручни студии по Физикална медицина и рехабилитација со кинезитерапија | **5** | **3** | | | **15** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **310** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **356** |